Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-401/2
23-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-401 од 10.5.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted], против Државен инспекторат за труд, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 48а, за извршена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 14.5.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08-401/1 од 10.5.2024 година поднесена од [redacted] против Државниот инспекторат за труд **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 10.5.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од Каролина Домазетоска против Државен инспекторат за труд, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Подносителката на претставката наведува дека на ден 29.1.2024 година поднела претставка до Државниот инспекторат за труд (“**ДИТ**”) против Министерството за внатрешни работи (“**МВР**”) и [redacted] Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси (“**ОЗРУЧР**”) во Бирото за јавна безбедност (“**БЈБ**”). Имено, во МВР бил распишан интерен оглас за пополнување на работното место Началник на сектор за правни работи и заштита на лични податоци во ОЗРУЧР во БЈБ. На огласот конкурирала подносителката на претставката, но избрана била друга кандидатка, за која вели дека не ги исполнувала два од предвидените услови, односно нема положен правосуден испит и во последната година веќе еднаш била унапредена. Напоменува дека таа ги исполнувала условите.
Поради вака донесеното решение поднела претставка до ДИТ, а предметот го води вработена по име [redacted] Иако поминале пет месеци од поднесувањето на претставката до ДИТ, до денес сè уште нема добиено одговор. Во телефонски разговор со инспекторката [redacted] и директорката на ДИТ Весна Томовска била известена дека не можат да направат увид во МВР од причина што нема инспектор во ДИТ кој поседува безбедносен сертификат. Последно и било кажано дека предметот ќе биде затворен со образложение дека не можат да направат увид во МВР.
Подносителката на претставката смета дека нејзе како граѓанин и е ускратено правото да добие заштита на нејзините права пред ДИТ.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
„*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*“.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
„*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*“.

При увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека станува збор за прашања кои не потпаѓаат под горецитираната дефиниција на дискриминација.
Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај подносителката на претставката е оневозможена да го оствари своето право да побара заштита пред ДИТ, но истото не се заснова на некоја нејзина заштитна карактеристика, односно дискриминаторска основа. Истовремено повредата на право во случајот се однесува на сите подносители на претставки против субјекти каде за вршење увид е потребен безбедносен сертификат, што значи дека подносителката не е понеповолно третирана во однос на друго лице во истата ситуација.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека дека во конкретниот случај не се работи за прашања кои се во надлежност на Комисијата.

Комисијата ја упатува подносителката на претставката да се обрати до Инспекцискиот совет, во чија надлежност е следењето на работењето на инспекциските служби и постапувањето по претставки поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор. Во однос на донесената одлука по спроведена постапка за унапредување во МВР, Комисијата ја упатува подносителката кон правната поука содржана во актот донесен од страна на МВР.

Скопје
23.5.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]